Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-1535/1
06-04 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 2 точка 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2016) и член 95 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и 458/2021-анекс), Деканот на Факултетот го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за овластено лице на заштитено внатрешно пријавување на Медицинскиот факултет во Скопје**

1.Дипл.прав.Горан Нелоски, секретар на Медицинскиот факултет во Скопје, се назначува за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Медицинскиот факултет во Скопје.

2. Решението, со потребните податоци и по обезбедување на дополнителните услови за работа ќе се објави на веб страницата на Факултетот.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, Дипл.прав.Горан Нелоски ги исполнува условите за назначување за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Медицинскиот факултет во Скопје. Именуваниот има завршено правен факултет и го има потребното работно искуство да постапува согласно Правилникот.

Врз основа на горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Декан

Проф.д-р Соња Топузовска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет
Република Северна Македонија
1
СКОПЈЕ

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива
- Персонално досие
- Државна комисија за спречување на корупција